Со цел унапредување на безбедноста на Вашите финансиски трансакции и заштита на Вашите средства, во согласност со важечките регулативи и највисоките стандарди за сигурност, УниБанка воведе засилена автентикација (Strong Customer Authentication – SCA) на онлајн плаќањата со картичка.

## ШТО ПРЕТСТАВУВА ЗАСИЛЕНАТА АВТЕНТИКАЦИЈА (SCA)?

Засилената автентикација (Strong Customer Authentication – SCA) претставува законска обврска за банките, која стапи во сила на 1 март 2026 година, и има за цел обезбедување повисоко ниво на сигурност при онлајн плаќања.
Овој безбедносен механизам бара користење на најмалку два независни фактори за потврда на идентитетот на корисникот при извршување на плаќањето. Потврдата се врши преку комбинација од следниве елементи:

- Знаење – нешто што само Вие го знаете (на пр. лозинка или ПИН);
- Поседување – нешто што го поседувате (на пр. мобилен уред или платежна картичка);
- Својство – нешто што е својствено за Вас (биометриски податоци, како отпечаток од прст или препознавање лице).

Поконкретно, тоа значи дека трансакцијата можете да ја одобрите директно преку мобилната апликација My Unibank, користејќи биометриска идентификација, ПИН или QR код.

## ЗОШТО СЕ ВОВЕДУВА ЗАСИЛЕНАТА АВТЕНТИКАЦИЈА?

- Зголемување на заштитата на Вашите средства и лични податоци;
- Спречување на злоупотреби, како што се кражба на идентитет, фишинг напади и неовластен пристап;
- Усогласување со регулативите на Народната банка на Република Северна Македонија и европската регулатива (PSD2).

## ШТО Е РАЗЛИКАТА ОД ДОСЕГАШНАТА АВТЕНТИКАЦИЈА

При досегашните онлајн плаќања, автентикацијата на корисникот на картичката се правеше со испраќање на ОТП код преку СМС, со чие внесување се потврдува плаќањето.
Со воведување на засилената автентикација, плаќањето се потврдува со биометија или PIN, во зависност од избраниот начин на пристап во мобилната апликација, односно, корисникот на картичката добива нотификација во My Unibank апликацијата со детали за плаќањето, кое треба да го потврди со биометија или PIN. По исклучок, онлајн плаќањето со картичка ќе може да се автентицира со QR код, кој корисникот треба да го скенира преку мобилната апликација My Unibank.

## ШТО Е ПОТРЕБНО ДА НАПРАВИТЕ?

- Доколку сте веќе корисник на интернет банкарство/мобилна апликација, инсталирајте ја најновата верзија на мобилната апликација My Unibank.
- Доколку не сте корисник на интернет банкарство, потребно е да побарате активација во најблиската експозитура на Банката, а потоа бесплатно да ја преземете апликацијата My Unibank од Google Play, App Store или App Gallery. Повеќе информации и упатства за користење на интернет банкарство и мобилната апликација My Unibank се достапни на https://www.unibank.mk/mk-MK/pocetna/fizicki-lica/digitalni-uslugi.nspx
- Овозможете примање на нотификации од  My Unibank во поставките на мобилниот уред;
- На My Unibank апликацијата имате можност да активирате и биометриска автентикација.

## КАКО СЕ РЕАЛИЗИРА ПРОЦЕСОТ НА ЗАСИЛЕНА АВТЕНТИКАЦИЈА?

1. Ја иницирате онлајн трансакцијата со внесување на податоците за Вашата картичка;
2. Ќе се појави нов екран на кој ќе биде потребно да изберете јазик што ќе се користи во процесот на автентикација;




3. На следниот екран ќе добиете известување дека е потребно е да го потврдите плаќањето преку нотификација испратена преку My Unibank апликација;



4. На мобилниот уред ќе пристигне нотификација „Автентикација на плаќање“ – со нејзино отворање ќе бидете пренасочени кон екранот за автентикација;




5. Ги проверувате деталите за трансакцијата (износ и трговец);
6. Избирате „Потврди“ или „Откажи“;
7. По извршената потврда во My Unibank апликацијата, на екранот на кој сте добиле инструкции за автентикација на плаќањето, одбирате „Продолжи“ со што понатаму се реализира плаќањето.

**Алтернативен начин на автентикација (QR код)**

Автентикација со QR код се користи во следните ситуации:

- доколку нотификацијата не е достапна (во моментот на извршување на трансакцијата немате пристап до интернет на Вашиот телефон);
- доколку истечат 60 секунди од појавувањето на екранот за автентикација на плаќањето;
- доколку одберете „Продолжи“ пред да го потврдите плаќањето со нотификацијата добиена преку мобилната апликација,

Во тој случај:

1. Проверете ги деталите за трансакцијата кои се прикажани на самиот екран;
2. Скенирајте го QR кодот преку апликацијата My Unibank;
3. Потврдете ја трансакцијата со внесување на ПИН-кодот за влез во мобилната апликација My Unibank и генерираниот код при скенирање на QR кодот.




## ДАЛИ ЗАСИЛЕНАТА АВТЕНТИКАЦИЈА СЕ ПРИМЕНУВА ЗА СИТЕ ОНЛАЈН ПЛАЌАЊА?

Засилената автентикација се применува при онлајн плаќања само кај трговци кои учествуваат во програмите Mastercard Identity Check и Visa Secure, со исклучок на трансакции за кои банката, преку користење на најсовремените методи и технологии, ќе оцени/утврди дека се со низок ризик за злоупотреба. Трговците кои ги исполнуваат стандардите на програмите Mastercard Identity Check и Visa Secure може да се препознаат по логоата кои се наведени на веб страната.

mastercard. ID Check.   VISA SECURE

## ПОДДРШКА

За дополнителна помош, на располагање Ви е Контакт центарот за техничка поддршка на телефон 02/3111-111, со работно време од понеделник до петок, од 08:00 до 18:00 часот или 24/7 дежурниот центар на процесинг центарот на Банката – Касис на телефон 02/3293 888.